Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-2/3
**8.1.2025, Скопје**

За потребите на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025", финансиран од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2023, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. IPA/III/2024/460-717 од 25.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

## Покана 1/2025
## за доставување на апликации за ангажирање на правник за следење на рочишта пред Управниот суд

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2023) има потреба од **ангажирање на правник за следење на рочишта пред Управниот суд,** кој ќе биде неопходен за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на активностите:
   - Следење на рочишта на Управниот суд;
   - Изготвување на два мониторинг извештаи.

   Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 1/2025 која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Следењето на рочишта пред Управниот суд треба да се испорача во период од јануари до декември 2025, со можност за продолжување и тоа во зависност од предвидените активности и расположливи средства.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраниот кандидат за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 1/2025.

5. Апликацијата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство.

6. Изборот на правник ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

| Критериуми | Максимум поени<br>100 |
|---|---|
| Образование<br>Правни студии од прв циклус = 30 поени<br>Правни студии од втор циклус = 40 поени<br>Правни студии од трет циклус = 50 поени | 50 |
| Искуство<br>Од 1 до 3 години = 30 поени<br>3-6 години = 40 поени | 50 |

| | |
|---|---|
| Повеќе од 6 години = 50 поени | |

**Доколку има потреба, кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју пред да биде направена финалната селекција.**

7. Услови и начин на плаќање

   За ангажманот предвиден е финансиски надоместок во бруто износ од 40 евра на ден во денарска противвредност. Плаќањето ќе биде извршено на месечна база, врз основа бројот на сработени работни денови во месецот.

8. Начин на доставување на апликацијата

   Апликациите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: marija.chekredji@ihr.org.mk.

   Краен рок на доставување на апликациите е до **16.1.2025 година.**

   Апликациите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на поканата и проектната задача, нема да бидат земени предвид.

   За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса marija.chekredji@ihr.org.mk најдоцна до **14.1.2025 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

**Марија Чекреџи**
**Институт за човекови права**